**ПРЕДЛОГ-АМАНДМАНИ**

за изменување и дополнување на **Предлог-законот за јавното обвинителство**,
објавен на ЕНЕР на 14.04.2025 година

*Почитувани,*

Согласно член 72 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, а со цел зајакнување на одговорноста, транспарентноста и уставноста на работењето на јавните обвинители Ви доставувам предлог измени со образложение за истите. Со предложените измени:

- Се елиминира противуставниот имунитет на јавните обвинители (член 71 став 1) кој е спротивен на амандманот XXX на Уставот;
- Се воспоставуваат јасни критериуми за дисциплинска одговорност и разрешување;
- Се овозможува правна заштита на граѓаните преку механизми за покренување постапки;
- Се усогласува законот со член 9, член 51 и член 106 од Уставот;
- Се земаат предвид препораките на ЕУ и ГРЕКО;
- Се зајакнува институционалната одговорност и владеење на правото.

**АМАНДМАН 1**
**Во членот 71 од Предлог-законот за јавно обвинителство (објавен на ЕНЕР):**

1. Ставот 1 се брише.
2. Ставот 2 се брише.
3. Ставот 3 се заменува со нов текст кој гласи:
4. „(3) Против јавен обвинител не може да се води постапка за надомест на штета. За сторената штета одговара Република Северна Македонија.“
5. Ставот 4 се заменува со нов текст кој гласи:
6. „(4) Кога штетата од ставот 3 е предизвикана со кршење на Уставот или законите, Република Северна Македонија задолжително, по пат на тужба против јавниот обвинител, бара поврат на исплатената штета во износ утврден од судот.“

**АМАНДМАН 2**

**Во членот 87 став 1 алинеја 4**
На крајот се бришат зборовите: „со право на продолжување во согласност со ЗРО“.

**АМАНДМАН 3**
**Во членот 88 став 1 алинеја 4**
На крајот се бришат зборовите: „со право на продолжување во согласност со ЗРО“.

**АМАНДМАН 4**
**Во членот 88 став 2 се заменува и гласи:**
„(2) Јавниот обвинител се разрешува од функција пред истекот на мандатот:

- поради тешки дисциплински повреди согласно членот 93 од овој закон,
- ако е член на политичка партија.“
- ставот 3 се брише.

**АМАНДМАН 5**
**Во членот 89 став 1 - во** Законот за јавно обвинителство (Службен Весник на РСМ.бр.32/20)
Се додава нова алинеја која гласи:
„Ако при вршење на својата функција не постапува согласно член 4 став 1 од овој закон.“

**АМАНДМАН 6**
**Во членот 90:**

- Во став 1 алинеја 1, текстот се заменува со:
  „Поради сторени тешки дисциплински повреди предвидени со овој закон.“
- Ставот 2 се брише.
- Во ставот 3, зборот „две“ се заменува со „четири“.
- Во ставот 6, зборот „двотретинско“ се брише.

**АМАНДМАН 7**
**Во членот 91**
Третата алинеја се брише.

**АМАНДМАН 8**
**Во членот 93 став 1:**

- Во алинеја 1, по зборот „грешка“ се става точка, остатокот од текстот се брише.
- Алинијата 3 се брише.
- Во алинеја 8, се бришат зборовите ..„без оправдани причини“...
- Во алинеја 10, на почетокот се бришат зборовите: „без оправдани причини...“
- Се додаваат 6 нови алинеи:
  - Алинеја 12: „потешка повреда на правилата за одсуство од работа“
  - Алинеја 13: „пропуштено да се јави или неоправдано доцни на закажаните расправи или седници пред суд“
  - Алинеја 14: „неовластено откривање класифицирани информации“
  - Алинеја 15: „ако при вршењето на функцијата не постапува согласно член 4 став 1 од овој закон“
  - Алинеја 16: „ако во своето работење прави професионални грешки“

- o Алинеја 17: „неовластено навлегување во електронското или хартиено досие на тековен предмет на друг јавен обвинител“

**АМАНДМАН 9**
**Членот 94 се заменува и гласи:**
„Претставка за утврдување на одговорност на Јавен обвинител за сторени дисциплински повреди може да поднесе секое физичко или правно лице.“

**АМАНДМАН 10**
**Во членот 95:**

- Во ставот 4, зборот „три“ се заменува со „девет“, а зборот „две“ со „три“.
- Во ставот 5, по зборот „функција“ се додаваат зборовите: ...„за сторените лесни дисциплински повреди“.
- Се додава нов став 6:
  „(6) Постапката за утврдување на одговорност за тешки дисциплински повреди ја спроведува Советот на јавните обвинители, по сопствена иницијатива, по допрен глас или по претставка поднесена од физичко или правно лице.“
- Се додава нов став 26:
  „(26) Против одлуката на Советот, јавниот обвинител има право да поведе управен спор.“

**АМАНДМАН 11**
**Членот 97 се брише.**

**АМАНДМАН 12**

**Во членот 98:**

- Во ставот 1 алинеја 2, бројката „10%“ се заменува со „30%“.
- Ставот 2 се брише.
- Ставот 3 се заменува со:
  „За утврдени тешки дисциплински повреди, на јавниот обвинител му се изрекува мерката разрешување.“

**АМАНДМАН 13**

**Во членот 115**
На крајот наместо: „од 01.01.2026“ се става нов датум согласно новиот рок за примена.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Предложените измени и дополнувања на Законот за јавното обвинителство имаат за цел да адресираат сериозни и суштински недостатоци во функционирањето на јавното обвинителство, како дел од правосудниот систем на Република Северна Македонија. Овие предлози се темелат на уставниот поредок и се во согласност со основните уставни начела на владеење на правото, еднаквост пред законите и одговорност на носителите на јавни функции.

**Уставна основа**

Измените се засноваат на следните уставни одредби:

- **Член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот** – Владеење на правото, уставност и законитост;
- **Член 9 став 2 од Уставот** – Еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите, што значи дека и јавните обвинители се обврзани да ги почитуваат законите и да сносат одговорност за нивното прекршување;
- **Член 51 став 1 и 2 од Уставот** – Законите мора да бидат во согласност со Уставот, и секој е должен да го почитува Уставот и законите, вклучително и јавните обвинители;
- **Член 106 и Амандманот XXX (30)** – Јавните обвинители функцијата ја извршуваат согласно Уставот, законите и меѓународните договори, а нивниот избор, разрешување и одговорност се уредуваат со закон.

**За амандманот 1 (член 1 од Иницијативата)**

Со амандманот се предлага бришење на членот 71 ставови 1 и 4 од актуелниот Закон, бидејќи предвидениот имунитет за јавните обвинители (недопирливост во однос на притвор) е противуставен.
Имено, Амандманот XXX со кој е укинат членот 107 од Уставот, ја укинува можноста обвинителите да имаат уставно гарантиран имунитет. Оттука, секоја законска одредба што воведува имунитет без уставна основа е спротивна на член 51 став 1 од Уставот. Членот 51 став 1 од Уставот - „законите мораат да бидат во согласност со Уставот“. **<u>Од претходо наведеното, јасно произлегува дека членот 71 ставот 1 од овој Предлог е противуставен</u>**!
Дополнително, содржината на членот 71 став 1 е во противречност со амиот на себе и дополнително со член 82 став 1 од истиот Предлог Закон, кој предвидува дека Јавниот обвинител се оддалечува од функцијата „**ЗА ВРЕМЕТО ДОДЕКА СЕ НАОЃА ВО ПРИТВОР“, што логично имплицира дека може да биде притворен**.

Противречноста и неусогласеноста на овие одредби ја нарушуваат правната сигурност и создаваат правна несигурност.

**За амандманите 10, 11 и 12**

Овие амандмани предвидуваат унапредување на дисциплинската постапка, со тоа што целата постапка за поведување, водење и одлучување за дисциплинска одговорност би се водела од Советот на јавни обвинители, по аналогија со Судскиот совет. Овој пристап:

- Ја елиминира можноста за колегијална заштита;
- Ја засилува контролната улога на Советот;
- Ја намалува можноста за клиентелизам;
- Ја подобрува ефективноста и транспарентноста на дисциплинската постапка.

Во спротивно, постојниот предлог – каде Комисија од обвинителството води дисциплинска постапка, а Советот само донесува одлука – создава неефикасна, неекономична и потенцијално пристрасна процедура, спротивна на начелото ***nemo iudex in causa sua*** (никој не може да биде судија во својот случај). **Со ова се намалува контролната улога на Советот на Обвинители, како и борбата против корупцијата во правосудството-обвинителството (имајќи ги во предвид досегашните искуства, како и минималната доверба во правосудството).**

Едно тело неможе самото себе да се контролира, од причини што многу веројатно може да западне во состојба на корпоративен клиентелизам и непринципиелен колективен солидаризам ( како што има напишано проф. Д-р Миодраг Лабовиќ во својот критички креативен осврт врз некои понови академски тези поврзани со Судскиот совет).

Од друга страна, гореспоменатото решение во предлогот е спротивно и на решението во законот за Судскиот совет во однос на предвидената постапка за разрешувањето на судиите.

**За поимникот на дисциплинските повреди**

Разграничувањето меѓу „тешки“ и „најтешки“ дисциплински повреди создава простор за селективна и нееднаква примена, бидејќи често не постои суштинска разлика меѓу двете категории.

**Вакви поделби на тешки и најтешки дициплински повреди нема предвидено скоро во ниедно законодавство во законодавствата на демократските држави. Ваквата поделба овозможува да за исти (идентични) повреди (тешки и најтешки) да се изречат различни дициплински мерки (парична казна или разрешување) и тоа по лично наоѓање, како што се практикуваше и досега.**

**Во контекст на прецизирањето на битието на дициплинските повреди и припојувањето на тешките и најтешките дициплински повреди во еден вид (тешки дициплински повреди), во измените со амандманите 6 и 8 (како што се и бришењето на зборовите „без оправдани причини“, потешки повреди на правилата за одсуство од работа и др.). Што претставува непотребно оптоварување на формулациите на дициплинските повреди, кои исто така се користат за толкување „по потреба“ во зависност од сторителот на дициплинската повреда, па врз основа на тоа несоодветно изречување на дициплинската мерка (разрешување или др.).**

Предложените измени имаат за цел да го поедностават и прецизираат поимникот на дисциплинските повреди, со цел избегнување на произволно толкување и изрекување санкции.

**Усогласеност со меѓународните препораки**

Измените се усогласени со:

- Извештаите на Европската комисија, вклучувајќи ги наодите на Прибе;
- Препораките на ГРЕКО;
- Обврските што произлегуваат од евроинтеграциските процеси на Република Северна Македонија.

**Заклучок**

Предложените измени се темелат на:

- Уставното начело на владеење на правото (член 8 став 1);
- Обврската законите да бидат во согласност со Уставот (член 51 став 1);
- Еднаквоста пред законот (член 9 став 2);
- Обврската на сите граѓани, вклучително и обвинителите, да го почитуваат Уставот и законите (член 51 став 2);
- Амандманот XXX, кој ја уредува функцијата и одговорноста на јавните обвинители.

Исто така, измените се засноваат на уставното право на поднесување интерпелација (член 72 став 1), како и правото на граѓаните да поднесуваат претставки и да добијат одговор (член 24), и правото на жалба (член 15).

Со оваа Иницијатива се цели кон зајакнување на одговорноста, транспарентноста и интегритетот на јавните обвинители, како и унапредување на јавната доверба во правосудниот систем на Република Северна Македонија.

*Со почит,*

Скопје, 01.05.2025 г.

Зоран Петковиќ- БАКЛИ

Истакнат стручњак од практиката за изведување клиничка настава по предметите „Кривично Право“, „Криминологија“ и „Корупцијата и организираниот криминал“